Асоцијација
на Ивент Индустрија
Асоцијација на Ивент Индустрија - ИВАП
ул. Никола Парапунов, бр. 33/28,1000 Скопје
контакт: +389 75 380 157

# К О Д Е К С   Н А   Ч Е С Т А

Овој кодекс на честа има за цел да биде етичка рамка за индустријата за организација на настани и да обезбеди општи принципи кои ќе претставуваат насоки за вообичаено однесување при вршење на дејноста, без да навлегуваат во спецификата на секоја компанија или секој професионалец.
Членовите на ИВАП се обврзуваат да го почитуваат Кодексот на Честа со цел да се осигура постигнување на високи стандарди во сите сегменти на делување на членовите на ИВАП. Преку Судот на честа, составен од членови на ИВАП, ќе се зајакне почитувањето на Кодот на Честа. Судот ја превзема контролата на работењето и давањето на санкции вклучувајќи го и исклучувањето од ИВАП. Кодот ја рефлектира посветеноста на членовите на ИВАП да го одржат високото ниво на етика и почитување на нивниот однос со јавноста, другите членови, компании кои не се членови на ИВАП и клиентите и потрошувачите.

## I. <u>ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ</u>

**Член 1**

Етиката мора да доминира во сите области на личноста а според тоа и во деловното работење. Етиката на ИВАП, а со тоа и на нејзините членови, ќе биде резултат на фундаментални вредности кои се и средство за исполнување на комерцијалните и професионални цели во согласност со суштина и достоинството на личноста.

**Член 2**

Секоја членка на ИВАП треба да управува со деловнитее и работните односи со правичност и претпазливост, барајќи напредок и придобивка од вклучените страни, без создавање на лажни очекувања.

**Член 3**

Секоја членка на ИВАП треба да дејствува согласно нормите и законите што ја регулираат деловната активност и нејзината специфика при креирање и продуцирање на настани и да ги следи критериумите за правичност во однос на клиенти, вработени, добавувачи, соработници и конкурентни агенции.

**Член 4**

Секоја членка на ИВАП треба да биде транспарентна во деловните и работните односи и договори.

**Член 5**

Секоја членка на ИВАП треба да биде чесна во сите професионални активности, со клиентите, добавувачите и другите соработници во проектите. Натпреварот на пазарот треба да биде праведен со сите.

**Член 6**

Членките на ИВАП треба да негуваат добри меѓусебни човечки и деловни релации. Сите несогласувања настанати помеѓу членките треба да се разрешуваат во рамки на Асоцијацијата, без притоа да се изнесуваат детали во јавноста или да се нарушува интегритетот на ИВАП.

**Член 7**

Секоја членка на ИВАП треба да создаде услови и неопходни мерки за заштита на јавното здравје и безбедност при работа, предлагајќи им на клиентите поодржлива продукција на нивните настани на економско, социјалено и еколошко поле.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИ

**Член 8**

Основните вредности вклучени во овој Кодекс ќе се претворат во права и обврски и ќе се сметаат за задолжителни за членките на ИВАП

**Член 9**

Секоја членка на ИВАП е должна да го заштити угледот на професијата и да ги подобрува професионални стандарди со учество во нејзиниот развој, употреба и регулирање, како и со избегнување на преземање дејства кои негативно влијаат на доброто име на професијата и секторот.

**Член 10**

Секоја членка на ИВАП треба да дејствува со интегритет кон колегите во професија и кон членовите на другите професии со кои соработува.

**Член 11**

Членките на ИВАП треба да ги прифатат само задачите за кои се компетентни или кои одговараат на нивната експертиза и да превземат професионална одговорност за извршената работа.

**Член 12**

Членките на ИВАП треба да ги чуваат информациите за клиентите во најголема доверливост како и да ги употребуваат информациите за клиентите само со нивно одобрение. Да ја почитуваат интелектуалната сопственост на клиентите и да не даваат информации или методологии без одобрение.

**Член 13**

Членките на ИВАП треба да избегнуваат ситуации што можат да предизвикаат судир на интереси со други професионалци, агенции или клиенти, како и претходно детално да ги информираат клиентите за можноста за појава на ваков конфликт.

**Член 14**

Членките на ИВАП се должни да се спротивставаат на сите форми на корупција. Членките треба да овозможат надоместокот за нивниот професионален ангажман да одговара на дадените услуги.

**Член 15**

Членките на ИВАП ќе го бранат своето право на транспарентност на натпревари во врска со свикување и доделување на истите, како и почитување на интелектуалната сопственост на презентираните идеи.

**Член 16**

Во натпревари (тендери), буџетите кои ќе бидат презентирани пред клиентот или нарачувачот, нема да бидат предмет на неоправдани модификации во услугите, непропорционални или несовесни економски загуби, со цени под цената (дампинг) или кои ги кршат цените на клиентот или пазарот. Тие нема да практикуваат неетички тактики за елиминирање на конкуренцијата или тенденциозно намалување на цените со што би можеле да им наштетат на нивните конкуренти.

## III. РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 17**

За разрешување на спорови кои произлегуваат од овој Кодекс на честа ИВАП формираше Суд на честа кој е составен од 3 претставници, избрани од страна на Собранието на ИВАП. Покрај решавањето на барањата кои што се поднесени, Судот ќе биде надлежен и за модификација и

Асоцијација на Ивент Индустрија
Асоцијација на Ивент Индустрија - ИВАП
ул. Никола Парапунов, бр. 33/28,1000 Скопје
контакт: +389 75 380 157

развој на овој Кодекс по своја иницијатива или на некоја од членките на ИВАП, презентирајќи го предлогот до Управниот Одбор за негово одобрување и потоа истиот треба да биде одобрен од Собранието на ИВАП.

**Член 18**

Членките на ИВАП можат да поднесат жалба до Судот на честа во однос на однесување на друга членка, спротивно на правилата на овој Кодекс, или ако сметаат дека е нанесена штета на интегритетот и угледот на секторот или професијата.

**Член 19**

Секој спор кој ќе настане помеѓу две или повеќе членки на ИВАП , Судот на честа ќе се обиде да го разреши билатерално, со медијаторство, во духот на добрите односи помеѓу членките.
Доколку овој начин на рарешување на спорот не е воможен или не вроди со плод, постапката продолжува како што е предвидено во овој Кодекс.

**Член 20**

Судот на честа ќе ги рагледува поднесените преставки и ќе донесе соодветни решенија и ќе му се обрати на сторителот и ќе му даде 10 дена да одговори. Откако ќе се добие одговорот, Судот на честа ќе донесе одлука која ќе биде доставена до Управниот одбор. Доколку одлуката биде потврдена и од страна на овој орган, истата ќе биде предложена за гласање на следното редовно или вонредно Собрание на ИВАП.

**Член 21**

Ако преставката се однесува на членка која во моментот е член на Судот на честа, Управниот одбор ќе назначи друг член на ИВАП на негово место на привремена основа за решавање на тој случај.

Скопје, 29.07.2020

За Асоцијација за остварување на
заеднички интереси и унапредување на
работењето на компаниите
во областа на евент индустријата –
**АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВЕНТ ИНДУСТРИЈА ИВАП Скопје**

ИВАП Скопје

Претседател Маја Бабиќ